Арх. Бр./Nr.Arh. УП1-11/4-736/2021
Дата/Data: 14-12-2021 год./viti

ДО/DERI TE: Јавно претпријатие за државни патишта
ул. "Даме Груев" бр. 14
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Доставување на Решение за издавање на согласност на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот: Изградба на државен пат Струмица-Валандово-спој со А1, делница 2, 3 и 4- нова траса во општина Валандово и во општина Струмица, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје

ВРСКА/LIDHJA: Ваш број 09-5102/2 од 25.05.2021 година

Почитувани,
Të nderuar,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност на Студија за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Изградба на државен пат Струмица-Валандово-спој со А1, делница 2, 3 и 4- нова траса во општина Валандово и во општина Струмица, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје.

Со почит,
Me respekt,

По овластување на Министер,
Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
в.д. Директор / u.d. Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработиле/Përpiluan: Исмет Садику
Влатко Цветаноски
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

УП1-11/4-736/2021
14 -12- 2021

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016 и 99/2018), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проектот: Изградба на државен пат Струмица-Валандово-спој со А1, делница 2, 3 и 4- нова траса во општина Валандово и во општина Струмица, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот: Изградба на државен пат Струмица-Валандово-спој со А1, делница 2, 3 и 4- нова траса во општина Валандово и во општина Струмица, ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување со животната средина и мониторинг програмата.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

***Образложение***

Инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје со седиште на ул. "Даме Груев" бр. 14, Скопје, до Министерството за животна средина и просторно планирање достави Студија за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Изградба на државен пат Струмица-Валандово-спој со А1, делница 2, 3 и 4- нова траса во општина Валандово и во општина Струмица, изработена од ДИК "ЧАКАР-ПАРТНЕРС" ДОО од Скопје и од Градежен институт "МАКЕДОНИЈА" АД од Скопје, технички број 104/2019, со одговорно лице за изготвување на Студијата за оцена на влијание врз животната средина М-р Габриела Дуданова-Лазаревска дипл. инж. технолог - Експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје. Целта на проектот е изградба на Делниците 2, 3 и 4 кои се дел од трасата на експресниот пат Струмица – Валандово – спој со А1, чија изградба треба да овозможи најкуса, а истовремено и безбедна патна врска меѓу коридорите А4 и А1 и брз транспорт на добра до граничните премини на соседните земји. Подобрениот транспорт треба да овозможи одржлив развој на земјоделието и зголемен развој на туризмот во југоисточниот регион. За делиниците 2, 3 и 4 проектирана е нова траса која започнува пред село Костурино, со напуштање на постојната траса на Регионалниот пат Р1401, а завршува со клучката за спојување со А1. Вкупната должина на трите делници изнесува 19,12 km и зафаќа опфат од околу 326,15 ha. Патните делници се проектирани за просечен годишен дневен сообраќај (ПГДС) од 3528 возила на мерно место 035 – Струмица – Раброво и ПГДС од 4702 возила на мерно место 020 – Валандово – Раброво. Делниците 2, 3 и 4 поминуваат низ територијата на општина Валандово, освен поголем дел од Делница 2 кои припаѓаат на територијата на општина Струмица.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: топографија, геологија, хидрогеологија површински и подземни води, воздух, вода, почва, ерозија, бучава, отпад, флора и фауна, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, археолошко и културно историско наследство и кумулативни влијанија и разгледани се можните алтернативни локации за изведба на проектот.

Согласно член 91 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016 и 99/2018) се одржаа две јавни расправи по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Изградба на државен пат Струмица-Валандово-спој со А1, делница 2, 3 и 4- нова траса на ден 07.10.2021 година (четврток), со почеток во 11 часот во салата за состаноци во Дом на култура 25 Мај во Валандово и истиот ден со почеток во 14 часот во салата на Совет на Дом на АРМ во Струмица.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.m

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот: Изградба на државен пат Струмица-Валандово-спој со А1, делница 2, 3 и 4- нова траса во општина Валандово и во општина Струмица, формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Изградба на државен пат Струмица-Валандово-спој со А1, делница 2, 3 и 4- нова траса во општина Валандово и во општина Струмица ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина. Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Северна Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

По овластување на Министер,
Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
в.д. Директор / u.d. Drejtor
**Hisen Xhemaili**

Изработиле/Përpiluan: Исмет Садику
Влатко Цветаноски
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk